Никола ПЕТРОВ

# НЕКОИ ТЕНДЕНЦИИ ЗА ПРОМЕНА НА ПОТСИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ И ОДДЕЛЕНСКИТЕ НАСТАВНИЦИ

Образованието, оспособувањето и усовршувањето на воспитувачите од предучилишните установи, учителите - одделенските наставници го сочинуваат потсистемот на предучилишното и основното воспитание и образование во состав на единствениот воспитно-образовен систем за сите потсистеми и степени.

Потсистемот на образованието на воспитувачите и учителите-одделенските наставници произлегува од системот на едукацијата, притоа истакнувајќи ги суштествените карактеристики и при сето тоа да се имаат предвид истите во елаборирањето на промените во образованието, оспособувањето и усовршувањето на овие профили на кадри. Меѓу општите тенденции на промени во целокупниот систем на воспитанието и образованието кај нас, во Европа и во светот заслужуваат внимание да се истакнат следниве сознанија:

- предучилишните установи и основното училиште како воспитно-образовни институции, со воспитувачите и наставниците и понатаму ја задржуваат доминантната улога и функција во системот на воспитанието и образованието, притоа имајќи ги во предвид улогата, значењето, придонесот на сите фактори, односно субјекти во воспитно-образовниот и наставниот процес;
- во современи услови на делување сè поголема е потребата за заемно поврзување на образованието помеѓу потсистемите, помеѓу сознанието, иновациите, работата, како и поврзувањето на наведените институции со природната и општествената средина;
- брзите промени во сферата на општествено-економскиот, демократско-плуралниот, техничко-технолошкиот, културниот и научниот развој, ја актуелизираат потребата од изработка на нов концепт елаборат за образование на кадрите во сите степени, притоа имајќи го предвид и перманентното образование кое се јавува како императив на времето, на потребите, иновациите, креативноста и творештвото;
- процесите на демократизација го актуелизираат прашањето и на демократизацијата на образованието кои истакнуваат и даваат до знаење од обезбедување еднакви шанси на образование за сите партиципиенти,

без дискриминација и селекција условени од класна, верска, национална и културна припадност и создавање услови и можности за индивидуален потенцијал на секој субјект-дете-ученик, му се овозможи оптимално развивање, воспитание и образование зависно од интересите, способностите, преку што ќе дојде до израз и култивирањето и воспитувањето на надарените деца и ученици;

- промените и иновациите го иницираат прашањето за продолжување на општото образование за целата популација на младите како основа за нивни општокултурен и индивидуален развој и нивното професионално оспособување и подготвување за прифаќање на иновациите, новите технологии, промените во Европа и светот, за поголема ефикасност во работата и прилагодување спрема новите услови и промени;

- намалување на разликите помеѓу "општото" и "стручното" образование бидејќи денес одделни струки и занимања се сметаат за општообразовни, иако порано припаѓале во стручното образование, како што е на пример со математичко-информатичкото образование;

- сè поголема е диференцијацијата на содржините, темите, формите и методите на воспитно-образовната работа за целосна манифестација на способностите и особините на личноста на секој поединец во животната и работната средина и севкупна активност;

- сè поизразити се барањата за развивање на креативноста и активно-творечкиот однос на воспитувачот-наставникот-детето и ученикот, и спрема психофизичките можности и способности се насочува и култивира при што треба да дојде до израз индивидуалноста и групното комуницирањсе;

- сè поголеми се настојувањата да се намали и да се надминат репресивното однесување во воспитно-образовните институции, крутоста, шематизмот и вкалупеноста на мислите, односите помеѓу воспитувач-дете; наставник-ученик, кои се присутни во воспитно-образовната работа во групите, одделенијата на "еднаквоста" на образованието, на просечноста, колективитетот и слично, за што се запоставуваат интересите, потребите и индивидуалните карактеристики и вредностите на секој субјект: дете-ученик;

- намалување на обемот и сè почестата примена на фронталниот начин на работа со целата група и одделение, а почесто и попродуктивно применување на другите модели на воспитно-образовно делување, модели на активно учење, методи на програмирано и проблемско учење, учење со откривање врски и слично, при кои субјектите имаат активна улога во планирањето, откривањето и пронаоѓање на знаењата, односите и законитостите во кои субјектот се воспитува и образува;

- тенденциите во воспитанието и образованието укажуваат на заемност, потполност и применливост на теоретското образование и практичното оспособување на воспитувачите, наставниците, за реализирање и конкретизирање на воспитно-образовната работа, за реализирање на воспитно-образовните задачи, за креативен избор на

содржините, за флексибилна организација на активностите, и за ефектност во работата и нивното вреднување;

- воведување нови информатички, технолошки, општествено-економски и педагошко-психолошки научни сознанија и активности, влијае на нивната примена во образованието на зголемување на ефикасноста на работата; бидејќи барањата за поставување на основите на творечките и новите информатички технологии се врзуваат со раната возраст на образованието, па се наметнува потребата од примена на овој вид образование;

Овој аспект на образование на воспитувачите и наставниците опфаќа повеќе подрачја од современата образовна технологија за оспособување и ракување со апаратите, средствата кои сеуште недоволно се користат како резултат на неподготвеноста на воспитувачите и наставниците за нивна примена и употреба;

- поаѓајќи од сфаќањата и тенденциите за недоволната теоретска и практична оспособеност на воспитувачите и одделенските наставници, за успешно, целисходно за реализација на воспитно-образовната работа, како и за креативното унапредување и постигнување поефективни резултати, нужно е иновирање и менување на потсистемот за образование на воспитните и наставните кадри и нивно зголемување на степенот на образованието со четиригодишни студии на ниво на $VII_1$ степен;

- имајќи ги предвид сите досега презентирани сознанија, треба да се истакне фактот дека нивото на образованието на овие кадри на еден повисок степен има за цел пред сè да изврши коренити промени во смисла на зголемување степенот на рационалност, ефикасноста на образованието од вербално и формално,кон суштинско, рационално и логичко-математичко образование[1)] и осознавање на стварноста.

## Насоки за иновирање на потсистемот за образование, оспособување и усовршување на кадрите во предучилишното и оновното образование

Образованието, оспособувањето и усовршувањето на воспитувачите, учителите-одделенските наставници, од секогаш било во центарот на вниманието и проучувањата на стручната и педагошката литература и периодика. Следејќи ги современите тенденции и промени во сферата на воспитанието и образованието, како

1) За математичкото образование во услови на кибернетичката ера во која постепено зачекоруваме, поопстојно види: Перспективе обреазовања. 1,2,3, Београд,1986 во кои помеѓу другото се наговестуваат футуролошките интенции на перманентното образование и перманентното учење во поширока семантичка смисла. За перманентното образование види и Перманентно обреазовање, Сплит, 1976 и други студии . На ова место треба да се одбележи и студијата на Д-р Никша Никола Шолјан, Друштво које учи , Загреб, 1979 и други студии во кои се експлицираат есенцијалните и фундаменталните определби во тој контекст и перспективите на образованието и перманентното доживотно учење.

и нивните футуролошки визии и денес и во иднина ќе бидат предмет на научно-стручна и професионална експлорација и експликација. Во таа насока ќе бидат разгледувани, поставувани и еволуирани нивните резултати и специфичности на воспитно-образовната работа во практиката.

Од истражувањата и валоризирањата на воспитно-образовните резултати во практиката, дојдено е до сознание дека за кандидатите - воспитувачи, наставници во предучилишното, основното образование-одделенска, предметна настава, како и стручните соработници, од посебно значење е дефинирањето на овој профил, определување на критериумите и начините на избор на кандидатите преку програмско-курикуларната насоченост и поставеност, формите и методите на теоретското и практичното оспособување па сѐ до специфичните задачи, кои треба да ги реализираат во воспитно-образовните установи и во педагошката практика

Повеќето од задачите кои непосредно ги рееализира и конкретизира овој профил на кадри, произлегуваат од улогата и функцијата на воспитно-образовните институции, односно да им обезбеди приближно изедначени услови и можности на децата-учениците за нормално непречено развивање, воспитување и образование, согласно индивидуалните можности, способности, потреби, а сето тоа бара и соответна стручна професионална ангажираност за доследно и целисходно реализирање на воспитно-образовните компоненти.

Ефектуираноста од воспитно-образовната дејност зависи од оспособеноста, ангажираноста и работата на овој профил на кадри, од креативно-педагошко-дидактичкото и методското снаоѓање и активности во одредени конкретни наставни ситуации, бидејќи овој профил на кадри по родителите се најзначаен пример и модел за идентификација и агенс за социјализација.

Изнесените сознанија потврдуваат дека непосредноста и партнерството во воспитно-образовната работа се потреба и нужност од причини што создаваат услови за поголемо воспитно делување, посебно кај децата и помалите ученици. Додека пак кај децата-учениците од предметната настава од основното и средното образование, тоа влијание на наставните, воспитно-образовните кадри, објективно се парцијализира и се губи целовитоста на делувањето.

Во образованието, оспособувањето и усовршувањето на воспитно-образовните и наставничките кадри, посебно место зазема подготовката за извршување на сложените задачи и задолженија кои се поставуваат, како и улогата и функцијата што ја обавуваат во процесот на едукацијата.

Специфичноста и комплексноста на работата на воспитно-образовните кадри произлегуваат од природата и развојните психофизички карактеристики на децата и учениците, посебно во првите години од организираното институционално воспитание и образование, од воспитно-образовните цели и задачи и нормативите и стандардите кои се потврдени, нормирани и проверени во воспитно-образовната

практика, како и од сознанијата дека вистински ефекти можат да се постигнат откога ќе се усогласат програмско-курикуларните поставености и структуираност, формите, методите и нивото-степенот на воспитно-образовната работа со развојните можности, потреби, интереси и склоности на децата и учениците.

Со својата работа и способност воспитувачот-наставникот треба да ги поттикнува и ангажира и активира за успешно осознавање, учење и образование. Ваквата поставеност овозможува втемелување на основите на воспитно-образовното делување за понатамошно успешно развивање, воспитание и образование на младите.

Образованието и оспособувањето на воспитно-образовните кадри за воведување и иновирање на воспитно-образовните активности и содржини, реализира и диференцирање на индивидуализацијата во воспитно-образовната работа, поттикнување на децата и учениците на активна улога во сознавањето и учењето, применување на ефикасни методи и постапки на учење, воспитување на критичен дух кон креативноста и творештвото, како и интересите за нови сознанија и активности, претставуваат темел за суштинска промена на процесот на воспитанието и образованието.

Наведените подготовки на воспитно-образовните кадри претежно би се однесувале на нивната работа во воспитно-образовното делување, како и на другите активности кои би имале свое трансферно-преносно дејство и на другите активности на децата и учениците како рамноправни партнери и субјекти во воспитно-образовниот процес.

Во смисла на изнесеното може да се констатира дека насоките на идното образование и оспособување на овие профили на наставни и воспитни кадри треба да се одвива кон поставување на воспитно-образовната дејност како интеракциски процес преку заедничка работа на децата и учениците, воспоставување соработнички однос, поставување на демократска клима во групата, одделението и класот, и заемно помагање и делување на двата партнери во образованието: учениците-наставниците, односно воспитувачите, со што би се создала интимна соработничка клима помеѓу овие субјекти во процесот на воспитанието и образованието[2)].

Сето тоа потврдува дека ваквото насочување и оживотворување на воспитно-образовната дејност ќе ја надмине репресивноста, шаблонизмот, традиционализмот во односите и работата со воспитаниците.

---

2) Во својата студија: Остваривање васпитне улоге школе, Бгд., 1984 проф.д-р Никола Поткоњак мошне експлицитно ги презентира насоките, местото, улогата и функцијата на училиштето во реализацијата на воспитната функција. Воспитната функција на училиштето поготово е актуелно во сегашниов тренд на нашиот научен, професионален и општествен живот и развиток во услови на информатизација на образованието и учењето, во која клучна и доминантна улога игра субјектот како креатор на секојдневната воспитна и животна стварност и активност.

Во атмосфера на соработничко-слободарски однос ќе создадеме поволна клима на мотивирање со децата и учениците при што преку т.н. воспитна ситуација и творештво преку т.н. систем на face-to face, се создаваат интеракциски и доверителни соработнички односи и клима на заедничко почитување, разбирање и договарање низ конкретни воспитни и наставни ситуации на учење и образование.

Сето тоа ќе услови да дојде до израз социјализацијата и социјалните врски и односи, што е императив за здрави емоционално-социјални врски и односи кои претставуваат база за сознајно-когнитивно осознавање на воспитно-образовните и наставните содржини.

Следејќи ги современите тенденции кај нас, во Европа и во светот, сè повеќе доаѓаме до сознание дека во образованието, оспособувањето и усовршувањето на воспитно-образовниот кадар, значајно место зазема семејството, родителите, семејната педагогија притоа има посебно значајно место, што укажува на потребата дека идните кадри треба да имаат понепосредна и заемна врска и соработка, од причини што семејството и во современите услови претставува примарен фактор за примарна социјализација. Поконкретно речено, стручните соработници - педагозите и психолозите претставуваат врска помеѓу семејството, родителите, воспитувачите и наставниците.

Во тој контекст воспитно-образовните институции се отвораат кон поблиската и пошироката општествена средина, во која се присутни и членуваат поголем број родители и наставници. Со тоа се остварува пошироката педагошка функција на училиштето и неговата сé поголема свртеност кон општествената средина. Тоа претпоставува заедничко вклучување и ангажирање на сите фактори и субјекти.

Во досегашниот потсистем на образование, оспособување и усовршување на воспитно-образовните и наставничките кадри, недоволно се оспособуваат за работа со деца и ученици кои имаат потешкотии и пречки во развојот, образованието и учењето. Во таа насока заложбите се идните кадри да се едуцираат за работа со оваа категорија деца и ученици во нивното рано и навремено воочување и преземање соодветни форми, активности и содржини кои ќе придонесат за намалување и спречување, без да се одвојуваат децата и ученици од редовните ученици, одделенија, групи и класови. Додека пак потешките случаи треба да се одвојуваат во посебни групи и одделенија (класови).

Исто така во рамките на овие настојувања, воспитно-образовните и наставните кадри треба да се образуваат, оспособуваат и усовршуваат и за работа со надарените деца, ученици и младинци, што претпоставува посебен интерес, напор и заложби за насочување на активностите и задоволување на нивните потреби, желби и интереси[3].

---

3) Види: Корен, д-р Ив., Поглед на појаву надарености и улога надарених појединаца у сувременом свијету, Сисак,1987. За надарените ученици и деца постојат повеќе студии, но заради ограниченоста на просторот го наведовме само горе споменатиов извор.

Во тој контекст се иницира прашањето, а со цел за заедничко делување и кај двете категории деца и младинци, односно ученици, наставно-воспитниот кадар треба низ периодиката и едициите да ги следи овие развојни трендови во домашни и меѓународни релации, така како што е поставено во педагошката литература и периодика и насочување на активностите на тој план според позитивните сознанија во науката и едукативната практика.

Образованието, оспособувањето и усовршувањето на воспитно-образовниот и наставниот кадар, покрај другото треба да ги има превид сознанијата, потребите и можностите и воопшто специфичноста на работата во повеќенационалната и повеќејазичната и мултикултурната средина, од причини што проблемот заслужува внимание и негово елаборирање, операционализирање и конкретизирање, согласно уставно-законската и правна регулатива, согласно позитивните законски прописи и меѓународните договори, конвенции и повелби. Во таа насока се и нашите заложби за заедничко живеење и делување, почитување и соработување на националните, културните, цивилизациските вредности, како рамноправни граѓани при што треба да се почитува државноста, јазикот на државата и уставно-правната регулатива.

Имајќи ја предвид сложеноста и специфичноста на задачите, задолженијата и активностите на процесот на едукацијата, нужно и императивно во сегашниот тренд на развој се наложува потреба од структуирање, издвојување и нагласување на одделни научни сознанија и основи за општообразовно и културно подигање нивото и степенот на општата култура која претставува фундамент на професионалната култура, која во себе ја сублимира сознајната сфера од областа на природно-математичкото образование, техничко-технолошката, педагошко-психолошката, дидактичко-методската наобразба што е основа за практично оспособување и успешно обавување на својата дејност во воспитно-образовната работа на институциите, во наставните и другите воспитни и општествени активности.

Постојниот систем на образование, оспособување и усовршување на воспитните и наставните кадри во дадениот тренд на развој не може адекватно да ги задоволи ни актуелните тенденции и иновации, ниту пак футуролошките визии за иднината на образованието на кадровскиот фактор. Во таа смисла иновирањето на потсистемот за образование на кадрите подразбира подигнување нивото и степенот на факултетско образовно ниво, преку четиригодишни студии и со $VII_1$ степен, структуирање и програмирање на нови програмско-курикурални дисциплини, теми и содржини и врз таа основа подигање нивото на воспитно-образовната работа, ангажирање соодветни и адекватни воспитно-наставни кадри од универзитетите, факултетите и институтите, како и истакнати ментори-практичари за обавување на менторската, хоспитализационата и практичната дејност. На тој план се потребни и актуелни теоретски предавања, практични вежби, семинарски работи, наставни практикуми, внесување на одредени изборни и факултативни

активности, хоспитализирање и следење на индивидуалниот психофизички развиток на децата и воспитаниците во вежбалните, на слободните ликовни, музички, физички драмските, работно-техничките и другите активности, како и обезбедување на потребните материјално-технички услови и примена на современа образовна технологија и примена на адекватни наставни средства и учебни помагала што ќе обезбеди поголема успешност на наставата, а и подобра едукација на кадрите[4].

Во елаборирањето на концептот за иновирање и трансформирање на потсистемот за образование на воспитно образовните и наставните кадри, се поаѓа од сознанијата и потребата за зголемување нивото и степенот на образованието, како на општата, така и на стручната и практичната подготовка на субјектите, создавање неопходни материјално-финансиски, просторни и кадровски можности за негова целосна реализација.

Сето тоа претпоставува дека преминот од $VI_1$ на $VII_1$ степен, односно од двегодишни на четиригодишни студии, според овој Елаборат, се предвидува да има одредени преодни одредби со кои ќе се овозможи поедноставен и благ премин, со цел да не се почувствуваат одредени празнини и недостатоци, како и да нема технолошки вишоци во кадровската застапеност, туку затечените кадри и понатаму да продолжат да ја изведуваат наставата со студентите од $VI_1$ степен, согласно одредбите кои ќе уследат, а во понатамошното делување постапно да се вклучуваат во изведување на практичната настава на четиригодишните студии, како истакнати методичари и стручњаци, како и нивно ангажирање во Центарот за перманентно професионално-стручно оспособување и усовршување на воспитните и наставните кадри, во кој центар ќе бидат вклучени и други истакнати практичари, ментори од интердисциплинарен профил.

Ваквата структуираност и поставеност, како и визиите на овој Елаборат се наменети за целисходно, функционално и апликативно применување во непосредната воспитно-образовна и наставна практика, односно овозможува поблиско поврзување на научно-теоретските од една страна, а од друга страна на апликативно-практичните наставни сознанија, со цел за заемно делување и поблиско запознавање, односно ќе овозможи адекватна примена на теоретските сознанија во

---

4. Д-р Никола Поткоњак во своите Избрани дела I, II и III, Педагошки факултет, Осијек, 1981 мошне опстојно ги елаборира новите техничко-технолошки и иновациски промени и барања во поглед на осовременување на програмско-курикуларната и содржинската ориентација во образованието на високошколско ниво, посебно во образованието, оспособувањето и усовршувањето на воспитувачките и наставничките кадри. Во таа насока се и неговите инсистирања за образование на овие профили на високошколско ниво на ниво на $VII_1$ степен на стручност и квалификуваност, како би можеле и овие кадри да се носат со современите трендови и тенденции што се присутни во најновите едуколошко-едукациски настојувања.

непосредната воспитна практика, а исто така и воспитната и наставната практика ќе претставуваат непресушен извор во натамошното градење, развивање и унапредување на педагошката теорија.

Концептот, односно Елаборатот за образование и усовршување на воспитаните и наставните кадри [5] нужно и неопходно е да создаде основни услови, можности и претпоставки за флексибилна хоризонтална подвижност и преодност во смисла на поедноставно преминување на сродни профили од просветно-педагошката струка.

Тоа претпоставува во курикуларно-програмската ориентација, насоченост и структуираност да се внесат повеќе модели на програми од задолжителна, изборна и факултативна природа, со цел да се овозможи поедноставен и благ премин од едно занимање во рамките на предагошката струка, во друго занимање на дотичната струка (на пример: воспитувач, одделенски наставник, предметен наставник, педагог и др.)

Проектот за таа цел предвидува во рамките на едно конкретно занимање во педагошката струка, ориентацијата да биде насочена кон поголема застапеност во курикуларно-програмската и содржинска ориентација на одделни, пред сè изборни наставни и студиски предмети и дисциплини, а во рамките на тоа и внесување поголема застапеност и на тесностручните наставни предмети и студиски дисциплини за поконкретно, поадекватно и потесно студиско подготвување, а со цел за успешно обавување, рационалност, ефикасност и економичност во даденото и конкретното обавување на работите и работните задачи во едно занимање на конкретната педагошка струка.

Елаборатот, покрај хоризонталната поврзаност, предвидува и вертикално поврзување и премин од еден понизок, кон повисок степен на образование во рамките на педагошката струка, односно, од више кон високо, а потоа кон специјалистички, магистерски, докторски и постдокторски студии во рамките на педагошките науки и на севкупната педагошко-просветна и воспитна дејност и активност.

Наведените сознанија и тенденции, како и искуствата од развиените европски и светски воспитно-образовни системи а посебно во рамките на адукативната сфера, при сето тоа поготово во кадровски аспект, почитувајќи ја традицијата и искуствата од досегашната поставеност, кај нас и од поранешните ЈУ-републики, како основа за организирање на факултет за образование на воспитувачите, одделенските наставници,

5 Хоризонталната и вертикалната преодност во образованието на сите нивои, поготово на средношколското и образованието на високошколско ниво е посебно значајно едуколошко-едукациско настојување, со цел да се овозможи системност, постапност, проврзаност и за поединствен премин од едно занимање во друго во рамките на струката, а и за вертикално поврзување на програмските содржини, со што би се спазил и принципот на системност и постапност во стекнувањето на знаењата. Ова барање е посебно актуелно во сегашниов тренд кога сè позабележителна е експанзијата на знаењата и експлозијата на учењето и перманентното стекнување, проширување и продлабочување на сознанијата, со цел јакнење, развивање и усовршување на општата култура која претставува фундамент на професионалната.

стручните соработници [6], треба да се поаѓа од јадрото на профилирањето на овој вид кадри, односно, Институтот за педагогија, постојните педагошки академии во Скопје, Битола и Штип, да формираат факултет односно Педагошки факултет за воспитувачи, одделенски наставници, стручни соработници за сите степени на воспитанието и образование, со Центар за перманентно стручно усовршување на воспитните и наставните кадри, Одделение за истражување на воспитанието и образованието, Дидактичко-методички центар, Центар за издавачка дејност, вежбални од сите степени на воспитанието и образованието со менторски систем и други придружни сегменти.

Ваквиот предлог за организирање на Педагошки факултет се засновува врз сознанијата во делувањето на овој вид факултет во поранешните ЈУ-републики, како и во Европа и во светот, од искуствата и кадровскиот потенцијал на Иститутот и педагошките академии, од соработката на другите наставнички факултети и високошколските институции од уметности (ликовна,музичка, драмска), како и Факултетот за физичка култура, нематичните факултети кои профилираат кадри за вклучување во наставата и искуствата од педагошката доквалификација која досега се изведува во состав на Институтот за педагогија, како и широчината и бројноста на педагошките дисциплини (Педагогија, Дидактика, Психологија, Методика), укажуваат на натамошното доизградување на овие профили и поставување благ премин во постапното формирање и едуцирање на кадрите за успешно обавување на воспитно-образовната и наставната дејност во сферата на образованието и воспитанието.

Организираноста на овој вид студии ќе ја потврдат универзитетите, Министерството за образование и физичка култура и другите државни органи кои ќе проценат каде, колку и каква организациона поставеност со еден или два или со истурени центри, односно два или повеќе.

Образованието, оспособувањето и усовршувањето на наставничките кадри од предметната настава за основното и средното образование, и понатаму би се изведувало на постојните матични наставнички факултети (Филозофски, Филолошки, Природно-математички, Факултет за физичка култура, Факултетите на уметностите-со $VII_1$ степен), со таа разлика што на истите би се отворил процес за флексибилни студии, односно двопредметен систем на студирање за потребите на основното образование, како и чисто стручни студии за информатичари, инженери, биотехнолози и др., со можност по потреба истите да се доквалификуваат за наставници-професори.

Практиката која е неодамна воведена на Природно-математичкиот факултет со отворање двопредметни студии, како и досегашните искуства потврдуваат дека овој вид студии треба да се развива и

---

[6] За ова поопстојно во: Проекцијата за развојот, иновирањето и трансформирањето на воспитанието и образованието во Република Македонија, сп. "Просветно дело", Скопје, 1994.

проширува и на другите наставнички факултети, бидејќи во практиката се наидува на потреба од таков профил на кадри, не само во основното, туку и во средното образование.

Од третманот и анализата на наставните планови и програми на сите наставнички факултети, може да се согледа и констатира дека структуираноста на педагошко-психолошките и дидактичко-методичките дисциплини, како и педагошко-методската практика - стажирањето, не е на доволно ниво, што бара радикално менување и иновирање и поголемо поврзување со Институтот за педагогија и воспитно-образовната и наставната практика. Истовремено треба и партиципација на наставничките факултети во Педагошкиот факултет за образование на воспитувачите, одделенските наставници и стручните соработници, во однос на математиката, стручните предмети, историјата, географијата, уметностите, литературата, лингвистиката и слично.

Изнесените сознанија и насоки укажуваат и потврдуваат дека во сегашниов тренд на развој во Република Македонија, посебно во системот на воспитанието и образованието, односно потсистемот на образованието на воспитните, наставните кадри во предучилишното, основното и соработниците во сите степени на образованието и воспитанието, нужно е иновирање и трансформирање на овие профили на кадри, подигање нивото и степенот на образование на високошколско ниво на ниво на $VII_1$ степен, усогласување со современите тенденции и текови со воспитанието и образованието за успешно вклучување во европските и светските развојни едукативни трендови, за поголема компатибилност и флексибилност на образованието, самообразованието, учењето и самоучењето за творечко-креативно и продуктивно учење, самоучење и непосредно секојдневно делување и комуницирање.

ЛИТЕРАТУРА

1. Acigan, dr Lj., Razvoj i opšte tendencije obrazovanja učitelja u prošlosti, danas i u budućnosti, "Pedagoška stvarnost", Novi Sad, br.7-8, 1988.

2. Arandjelović, Dr., Obrazovanje i usavršavanje nastavnika, vaspitača i saradnika, "Nova prosveta", Bgd., 1986.

3. Biondić, dr Iv., Autoritarno ili demokratsko strukturiranje profesija nastavnika, "Pedagogija", Bgd., 1/88.

4. Bezić, dr Kr., Lavrnja, dr Il., Model obrazovanja učitelja, Pedagoški fakultet, Rijeka, 1990.

5. Djurić, dr Dj., Prilog visokoškolskom obrazovanju učitelja, "Pedagoška stvarnost", Novi Sad, br.4-5, 1988.

6. Илиевски, Ал., За некои прашања на современото учителско образование на високошколско ниво, "Просветно дело", Скопје, бр.5, 1992.

7. Nikolić, dr M.,, Glavne tendencije razovja obrazovanja u svijetu, "Školska knjiga", Zagreb, 1984.

8. Obrazovanje vaspitača i učitelja-zbornik radova, "Misao", Novi Sad, 1985.

9. Odgoj i obrazovanje (Pravilnik o vježbaonicama), "Vjesnik", Zagreb, br.3-4, 1990.

10. Општествено-демократските промени и нивното влијание во сферата на воспитанието и образованието, "Просветно дело", Скопје, 1992.

11. Obrazovanje u budućnosti, ,"Školske novine", Zagreb, 1985.

12. Odgoj i obazovanje na pragu 21.stoljeća, PKZ, Zagreb, 1988.

13. Odgojno-obrazovni sistem u novim prilikama, Sarajevo, 1990.

14. Петров, д-р Н., Денешното училиште и современите предизвици, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, кн.21 (47), 1994.

15. Петров, д-р Н., Глобална проекција за развојот, трансформирањето на системот на воспитанието и образованието во Република Македонија, "Просветно дело", Скопје, бр.5, 1994

16. Петров, д-р Н., -Михајловски, м-р Вл., Креативноста и воспитувањето, "Биангл", Битола, 1994.

17. Проекција за развојот, иновирањето и трансформирањето на системот на вопитанието и образованието во Република Македонија, "Просветно дело", Скопје, 1994.

18. Potkonjak, dr N., Ostvarivanje vaspitne uloge škole, Bgd, 1984.

19. Перспективе образовања васпитача, Виша школа за образовање васпитача, Нови Сад, 1993.

20. Современите тенденции во воспитанието и образованието и новг ото влијание врз поставување на нова платформа, "Просветно дело", Скопје, 1992.

21. Stručno-pedagoški i naučno-istraživački rad u vaspitanju i obrazovanju, Novi Sad,, 1981.

22. Strugar, Biti učitelj, PKZ, Zagreb, 1993.

23. Savremene koncepcije i perspektive obrazovanja nastavnika, Sombor, 1978; Систем образовања наставника, Ријека, 1990.

24. Samolovčev, d-r B. Savremeni Izrael i obrazovanje, Bgd. 1994

25. U potrazi za suvremenom osnovnom školom (ured. Pučevski, dr Valentin), Institut za pedagoška istraživanja, Zagrab, 1991.

27. Teachers and Teaching, Harvard Educational Review, Vol.61, No 3, 1991.

28. Hladnik, M.M/, -Šuštarić,J., Školska reforma je papirnati tiger, Ljubljana, 1994.

29. Škola pred izazovom sutrašnjice, "Dečje novine", G.Milanovac, 1989.

30. Mandić, dr P.-Herera, Obrazovanje za 21 stoljeće, Sarajevo, 89.

Nikola PETROV

## EDUCATION, TRAININIG AND IMPROVING OF THE EDUCATIONAL AND TEACHING STAFF IN PRE-SCHOOL AND ELEMENTARY EDUCATION

(Summary)

This article sublimates two essential and fundamental questions closely connected with the problem that is the object of scientific and professional exploration and explication.

The fundamental tendencies about the change of the subsystem of education, training and operationalized of the educators and class teachers, are elaborated and operationalized in the first part, while in the second are explicated ihe directios about the innovation of the sub-system of education, training and improving of the teaching staff in preschool and elementary education.

Both parts are important and essential questions for education of the teaching staff employed in the above me ntioned subsystems as important and integral components of the educational and teaching system in the Republic of Macedonia, with a concrete presentation of certain innovative and creative modulation in preparing and practicing o:˙ the staffs factor in education, that is the necessary condition for successful carrying out of the aplicative and creative tasks in everyday's communication.